# Службен гласник

## на Општина Струмица

Број 3 | Понеделник, 19 март 2018 год.

њњњ.струмица.гов.мк

**С о д р ж и н а**

### Совет на општина Струмица:

| Рег. бр. | | Стр. |
|---|---|---|
| **41.** | **Завршна сметка** на Буџетот на општина Струмица за 2017 година ………………… | 3 |
| **42.** | **Одлука** за спроведување на превентивна дезинсекција, дезинфекција и дератизација на подрачјето на општина Струмица за 2018 година ....... | 7 |
| **43.** | **Одлука** за утврдување на приоритет и сопствено учество на Проект за “Основен проект за изведба на улица со шеталиште во село Градско Балдовци “. | 8 |
| **44.** | **Одлука** за утврдување на приоритет и сопствено учество на проект за “Основен проект за изградба на базни прегради во с. Габрово“ ............................................... | 9 |
| **45.** | **Одлука** за утврдување на приоритет и сопствено учество на Проект за “Изработка на Урбанистички планови за населени места Вељуса, Баница и Просениково ............................................ | 9 |
| **46.** | **Одлука** за изменување на Одлуката за означување условите и утврдување на режимот на сообраќај во градот Струмица ................................................ | 10 |
| **47.** | **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 1004 КО Попчево ..................................................... | 11 |
| **48.** | **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 2204/7 КО Добрејци ........... | 12 |
| 49. | **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 7930 КО Струмица ........... | 12 |
| **50.** | **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 1752/1, 1758/2, 1803/1 КО Дабиља ..................................................... | 13 |
| **51.** | **Одлука** за доделување парична помош на Кенан Асанов од Струмица ......................... | 14 |
| **52.** | **Одлука** за доделување парична помош на Трајко Николов од с. Турново ................. | 14 |
| **53.** | **Програма** за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2018 година ............................. | 15 |
| **54.** | **Заклучок** за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2017 година ............ | 16 |

**55.** **Заклучок** за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на Општина Струмица за 2017 година ............................................ 17

**56.** **Заклучок** за усвојување на Извештајот за реализација на Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Струмица за 2017 година ........................ 17

**57.** З**аклучок** за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на спорт и млади во 2017 година 18

**58.** **Заклучок** за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Струмица во областа на локалниот економски развој и туризмот во 2017 година ...................... 18

**59.** З**аклучок** за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Струмица за областа на социјалната и детската заштита во 2017 година .......................... 19

**60.** **Заклучок** за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата на Општина Струмица во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2017 година .......................................... 20

**61.** **Заклучок** за давање согласност на Извештајот за работа на ЈП “Паркиралишта-Струмица” Струмица за 2017 година ............................................ 20

**62.** **Заклучок** за давање согласност на Годишната сметка на ЈП „Паркиралишта-Струмица“ Струмица за 2017 година ........ 21

**63.** **Заклучок** за давање согласност на Одлуката за распоредување на остварената добивка по Годишната сметка на ЈП „Паркиралишта-Струмица“ за 2017 година .......................................... 21

**64.** **Заклучок** за давање согласност на Извештајот за работа на ЈПЕД “Струмица гас” Струмица за 2017 година 22

**65.** **Заклучок** за давање согласност на Годишната сметка на ЈПЕД „Струмица гас“ Струмица за 2017 година .............................. 22

**66.** **Заклучок** за давање согласност на Одлуката за распоредување на остварената добивка по Годишната сметка и финансиските извештаи на ЈПЕД „Струмица-гас“ за 2017 година .................... 23

**67.** **Заклучок** за усвојување на Извештајот за работата со финансов извештај и годишна сметка на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ за 2017 година ................................................ 23

**68.** **Заклучок** за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ за 2019 година ......... 24

**69.** **Заклучок** усвојување на Извештајот за работата со финансов извештај и годишна сметка на Дом за деца и млади „Благој Мучето“ за 2017 година ............................... 25

**70.** **Заклучок** за усвојување на Извештајот за работата со финансов преглед и завршна сметка на Општинска јавна установа – Отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Јоска Свештарот“ Струмица за 2017 година ............................ 25

**71.** **Заклучок** за усвојување на Годишниот извештај на Општина Струмица за 2017 година .......................................................... 26

**72.** **Заклучок** за усвојување на Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Струмица за четвртиот квартал од 2017 година ................................................... 26

**73.** **Годишен извештај** на Општина Струмица за 2017 година .............................................. 27

**74.** **Квартален извештај** за извршувањето на Буџетот на општина Струмица за четвртиот квартал од 2017 година ................................. 37


---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Завршната сметка на Буџетот на општина Струмица за 2017 година

Се објавува Завршната сметка на Буџетот на општина Струмица за 2017 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.03.2017 година.

Бр. 09- 2110/2 Општина Струмица
15.03.2018 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.”број 5/02) член 33, точка 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.61/04,96/04, 67/07 156/09, 47/11 и 192/15) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на Општина Струмица на седница одржана на 15.03. 2018 година, донесе

**З а в р ш н а с м е т к а**
**на Буџетот на општина Струмица за 2017 година**

**Член 1**

Завршната сметка на Буџетот на Општина Струмица за 2017 година се состои од:

| | **ПЛАНИРАНО** | **ОСТВАРЕНО** |
|---|---|---|
| **I.ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **1.124.111.636** | **840.784.875** |
| Даночни приходи | 375.592.674 | 232.969.740 |
| Неданочни приходи | 95.373.284 | 40.167.680 |
| Капитални приходи | 69.013.450 | 24.979.589 |
| Приходи од дотации | 472.205.908 | 471.983.344 |
| Трансфери | 61.731.320 | 49.678.173 |
| Приходи од донации | 50.195.000 | 11.006.349 |
| **II ВКУПНИ РАСХОДИ** | 1.124.111.636 | 846.586.868 |
| Утврдени намени | 1.120.811.636 | 845.255.438 |
| Резерви | 3.300.000 | 1.331.430 |
| **III. СУФИЦИТ /ДЕФИЦИТ** | ________________ | **-5.801.993** |
| **IV.ФИНАНСИРАЊЕ** | ________________ | **5.801.993** |
| ***Прилив*** | | ***5.801.993*** |
| Домашни приливи | | |
| Приливи од странски заеми | | |
| Депозити | | 5.801.993 |
| ***Одлив*** | | |
| Отплата на главница | | |

Член 2

Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Струмица на 31.12.2017 година претставува разлика од дефицитот од тековната 2017 година (5.801.993) и од пренесениот вишок на приходи од претходната 2016година (28.162.186) изнесува

| | |
|---|---|
| **-Салдо на 31-12-2017** | **22.360.193 денари** |
| Салдо основен буџет | 12.576.690 денари |
| Салдо буџет дотации | 1.788.108 денари |
| Салдо буџет самофинасирачки активности | 4.799.364 денари |
| Салдо буџет донации | 3.196.031 денари |

Салдото на основниот буџет во износ од 12.576.690 денари се пренесува како прилив на основниот буџет на општина Струмица за 2018 година.

Салдото на буџетот на дотации во износ од 1.788.108 денари се пренесува како прилив на буџетот на дотации на општина Струмица за 2018 година.

Салдото на буџетот на самофинасирачки активности во износ од 4.799.364 денари се пренесува како прилив на буџетот на самофинасирачки активности на општина Струмица за 2018 година.

Салдото на буџетот на донации во износ од 3.196.031 денари се пренесува како прилив на буџетот на донации на општина Струмица за 2018 година.

Член 3

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи:

| ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА- СТРУМИЦА | Основен буџет 2017 | | Наменски дотации 2017 | | Самофинансирачки активности 2017 | | Донации 2017 | | Кредити 2017 | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| БУЏЕТ НА ОПшТИНА СТРУМИЦА | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација |
| ВИшОК НА ПРИХОДИ | | 682.752 | | 1.542.199 | | 0 | | 0 | | 0 | | 2.224.951 |
| 7 ВКУПНИ ПРИХОДИ | 554.437.444 | 327.545.254 | 472.205.908 | 471.983.344 | 47.273.284 | 30.423.556 | 50.195.000 | 18.859.665 | 0 | 0 | 1.124.111.636 | 848.811.819 |
| **71 Даночни приходи** | **375.592.674** | **232.969.740** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **375.592.674** | **232.969.740** |
| 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | 6.000.000 | 7.607.013 | | | | | | | | | 6.000.000 | 7.607.013 |
| 712 Придонеси од плати за социјални фондови | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 713 Даноци на имот | 59.225.000 | 58.227.386 | | | | | | | | | 59.225.000 | 58.227.386 |
| 714 ДомаШни даноци на стоки и услуги | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 715 Данок од меЃународна трговија и трансакции (царини и давачки) | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 716 Други даноци | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 309.867.674 | 166.684.754 | | | | | | | | | 309.867.674 | 166.684.754 |
| 718 Такси за користење или дозволи за врШење на дејност | 500.000 | 450.587 | | | | | | | | | 500.000 | 450.587 |
| 719 Данок на финансиски трансакции | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **72 Неданочни приходи** | **48.100.000** | **9.917.752** | **0** | **0** | **47.273.284** | **30.249.928** | **0** | **0** | **0** | **0** | **95.373.284** | **40.167.680** |
| 721 Претприемачки приход и приход од имот | | | | | | 4.470 | | | | | 0 | 4.470 |
| 722 Такси и надоместоци | 3.800.000 | 4.127.264 | | | | 59.480 | | | | | 3.800.000 | 4.186.744 |
| 723 Административни такси и надоместоци | 500.000 | 612.000 | | | 44.192.784 | 30.083.258 | | | | | 44.692.784 | 30.695.258 |
| 724 Други Владини услуги | | | | | | 10.470 | | | | | 0 | 10.470 |
| 725 Други неданочни приходи | 43.800.000 | 5.178.488 | | | 3.080.500 | 92.250 | | | | | 46.880.500 | 5.270.738 |
| **73 Капитални приходи** | **69.013.450** | **24.979.589** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **69.013.450** | **24.979.589** |
| 731 Продажба на капитални средства | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 732 Продажба на стоки | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 733 Продажба на земjиШте и нематеријални вложувања | 69.013.450 | 24.979.589 | | | | | | | | | 69.013.450 | 24.979.589 |
| 734 Капитални трансфери од невладини извори | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **74 Трансфери и донации** | **61.731.320** | **59.678.173** | **472.205.908** | **471.983.344** | **0** | **173.628** | **50.195.000** | **18.859.665** | **0** | **0** | **584.132.228** | **550.694.810** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 61.731.320 | 59.678.173 | 472.205.908 | 471.983.344 | | 173.628 | | 7.853.316 | | | 533.937.228 | 539.688.461 |
| 742 Донации од странство | | | | | | | 50.195.000 | 11.006.349 | | | 50.195.000 | #ВАЛУЕ! |
| 743 Капитални донации | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **75 ДомаШно задолжување** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 751 Краткорочни позајмици во земјата | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 752 Благајнички записи | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 753 Долгорочни обврзници | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 754 ДомаШно задолжување | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **76 Задолжување во странство** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 761 МеЃународни развојни агенции | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 762 Странски влади | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 769 Други задолжувања во странство | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **77 Продажба на хартии од вредност** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 771 Продажба на хартии од вредност | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **78 Приходи од отплата на заеми** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 781 Приходи од наплатени дадени заеми | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **79 Разлика на приходите и троШоците** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 791 Распоред на разликата меЃу приходите и троШоците | | | | | | | | | | | 0 | 0 |

Член 4

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Струмица за 2017 година се искажани планираните и извршените расходи по потпрограми, сметки и основни намени.

Член 5

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Струмица за 2017 година ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр. 09- 2110/1 Совет на општина Струмица
15.03.2018 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.......................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за спроведување на превентивна дезинсекција, дезинфекција и дератизација на подрачјето на општина Струмица за 2018 година

Се објавува Одлуката за спроведување на превентивна дезинсекција, дезинфекција и дератизација на подрачјето на општина Струмица за 2018 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.03.2018 година.

Бр.09-2111/2 Општина Струмица
19.03.2018 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

.....................................

**42.**

Врз основа на член 12 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија бр. 66/04 139/07, 99/09,14914, 150/15 и 37/16"), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.03.2018 година, донесе:

**О д л у к а**
**за спроведување на превентивна дезинсекција, дезинфекција и дератизација на подрачјето на општина Струмица за 2018 година**

Член 1

Се одобрува спроведување на превентивна дезинсекција, дезинфекција и дератизација за спречување на вектор-преносливите заболувања на подрачјето на општина Струмица за 2018 година, како посебна мерка за заштита на населенито од заразни болести.

Член 2

Финансирањето на превентивната дезинсекција, дезинфекција и дератизација, ќе се реализира преку Буџетот на општина Струмица за 2018 година - Програма Ј4 – Јавна чистота.

Член 3

Превентивната дезинсекција ќе се релизира преку јавна набавка со избор на фирма која ги исполнува законските и други услови за нејзино спроведување.

Превентивната дезинфекција и дератизација ќе се реализираат преку Програмата за јавна чистота, во соработка со ЈПКД „Комуналец" Струмица.

Член 4

Се задолжува Градоначалникот на општина Струмица, да оствари соработка со градоначалниците од Струмичкиот микро – регион, за координирано спроведување на дезинсекционите постапки на подрачјето и остварување на подобри ефекти при третирањето на комарците со цел намалување на нивната популација.

Член 5

Се препорачува на ЈЗУ Центар за јавно здравје - Струмица да спроведе постапка за утврдување на ефектите одделно од секое третирање против комарци и за тоа да го извести Градоначалникот и Советот на општина Струмица.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-2111/1 Совет на општина Струмица
15.03.2018 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

.............................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување на приоритет и сопствено учество на Проект за “Основен проект за изведба на Улица со шеталиште во село Градско Балдовци“

Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет и сопствено учество на Проект за “Основен проект за изведба на Улица со шеталиште во село Градско Балдовци“, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.03.2018 година.

Бр.09-2112/2 Општина Струмица
19.03.2018 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

.....................................

**43.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.03.2018 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на приоритет и сопствено учество на проект за “Основен проект за изведба на Улица со шеталиште во село Градско Балдовци “**

Член 1

Се утврдува приоритет и сопствено учество на проект за “Основен проект за изведба на Улица со шеталиште во село Градско Балдовци“, населено место Градско Балдовци, Општина Струмица.

Член 2

Со утврдениот приоритет и сопствено учество на Проект за “Основен проект за изведба на Улица со шеталиште во село Градско Балдовци “ ќе се аплицира на Јавниот повик за прибирање на предлог проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата за 2018 објавен врз основа на член 35 став 1 и член 36 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на Република Македонија бр.63/07, 187/13 и 43/14) од страна на Биро за регионален развој.

Член 3

Носител на проектот е Општина Струмица, дел од средствата (50%) за реализација на овој проект се сопствено учество и се предвидени во Буџетот на Општина Струмица за 2018, со износ од 2.285.917,83 денари со ДДВ.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Струмица“.

Бр.08-2112/1 Совет на општина Струмица
15.03.2018 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.....................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување на приоритет и сопствено учество на проект за “Основен проект за изградба на базни прегради во с. Габрово“

Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет и сопствено учество на проект за “Основен проект за изградба на базни прегради во с.

Габрово“, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.03.2018 година.

Бр. 09-2113/2 Општина Струмица
19.03.2018 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

......................................

**44.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.03.2018 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на приоритет и сопствено учество на проект за “Основен проект за изградба на базни прегради во с. Габрово“**

Член 1

Се утврдува приоритет и сопствено учество на проект за “Основен проект за изградба на базни прегради во с. Габрово“, населено место Габрово, Општина Струмица.

Член 2

Со утврдениот приоритет и сопствено учество на Проект за “Основен проект за изградба на базни прегради во с. Габрово“ ќе се аплицира на Јавниот повик за прибирање на предлог проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата за 2018 објавен врз основа на член 35 став 1 и член 36 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/07, 187/13 и 43/14) од страна на Биро за регионален развој.

Член 3

Носител на проектот е Општина Струмица, дел од средствата (5%) за реализација на овој проект се сопствено учество и се предвидени во Буџетот на Општина Струмица за 2018, со износ од 54.266,55 денари со ДДВ.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Струмица“.

Бр.08-2113/1 Совет на општина Струмица
15.03.2018 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

..........................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување на приоритет и сопствено учество на проект за “Изработка на Урбанистички планови за населени места Вељуса, Баница и Просениково “

Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет и сопствено учество на проект за “Изработка на Урбанистички планови за населени места Вељуса, Баница и Просениково“, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.03.2018 година.

Бр. 09-2114/2 Општина Струмица
19.03.2018 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

.......................................

**45.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.03.2018 година, донесе

**О д л у к а**
**утврдување на приоритет и сопствено учество на проект за “Изработка на Урбанистички планови за населени места Вељуса, Баница и Просениково“**

Член 1

Се утврдува приоритет и сопствено учество на проект за “Изработка на Урбанистички планови за населени места Вељуса, Баница и Просениково“.

Член 2

Со утврдениот приоритет и сопствено учество на Проект за “Изработка на Урбанистички планови за населени места Вељуса, Баница и Просениково“ ќе се аплицира на Јавниот повик за прибирање на предлог проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата за 2018 објавен врз основа на член 35 став 1 и член 36 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на Република Македонија бр.63/07, 187/13 и 43/14) од страна на Биро за регионален развој.

Член 3

Носител на проектот е Општина Струмица, дел од средствата (50%) за реализација на овој проект се сопствено учество и се предвидени во Буџетот на Општина Струмица за 2018, со износ од 1.605.150,00 денари со ДДВ.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Струмица“.

Бр.08-2114/1 Совет на општина Струмица
15.03.2018 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

..............................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлука за изменување на Одлуката за означување условите и утврдување на режимот на сообраќај во градот Струмица

Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за означување условите и утврдување на режимот на сообраќај во градот Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.03.2018 година.

Бр. 09-2115/2 Општина Струмица
19.03.2018 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

..............................

**46.**

Врз основа на член 6 од Законот за безбедност на сообраќајот на патишта („Сл весник на Р.М.“ бр. 11/07, 54/07, 86/08 и 98/08, 64/09, 161/09, 36/11, 51/11, 114/2012, 27/2014, 169/15, 226/15, 55/16), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.03.2018 година, донесе

**О д л у к а**
**за изменување на Одлуката за означување условите и утврдување на режимот на сообраќај во градот Струмица**

Член 1

Во Одлуката за означување условите и утврдување на режимот на сообраќај во градот Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр.11/07 и Одлуката за дополнување на Одлуката за означување условите и утврдување на режимот на сообраќај во градот Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр.7/11), во член 3 зборовите: „ и со дополнителна табла за дотур на стока од 7,00 до 17,00 часот“ се бришат.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-2115/1 Совет на општина Струмица
15.03.2018 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

..............................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 1004 КО Попчево

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 1004 КО Попчево, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.03.2018 година.

Бр.09-2116/2 Општина Струмица
19.03.2018 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

.......................................

**47.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.03.2018 година, донесе:

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 1004 КО Попчево**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на плански опфат за бесправниот објект, станбена куќа и помошен објект, кој се наоѓа на КП бр. 1004 КО Попчево, во сопственост на лицето Благородна Черкезова.

Објектот на КП бр.1004 КО Попчево, според УП за с. Попчево, се наоѓа вон градежниот опфат, на земјиште сопственост на Република Македонија.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-2116/1 Совет на општина Струмица
15.03.2018 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

........................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 2204/7 КО Добрејци

Се објавува Одлуката Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр.

2204/7 КО Добрејци, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.03.2018 година.

Бр.09-2117/2 Општина Струмица
19.03.2018 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

..............................

**48.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.03.2018 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 2204/7 КО Добрејци**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на плански опфат за бесправниот објект, станбена куќа, кој се наоѓа на КП бр. 2204/7 КО Добрејци, во сопственост на лицето Ѓорги Руменовски.

Објектот на КП бр.2204/7 КО Добрејци, според УП за с. Добрејци, се наоѓа вон градежниот опфат, на земјиште сопственост на лицето Ѓорги Руменовски.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица.

Бр.08-2117/1 Совет на општина Струмица
15.03.2018 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

..................................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 7930 КО Струмица

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 7930 КО Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.03.2018 година.

Бр.09-2118/2 Општина Струмица
19.03.2018 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

......................................

**49.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.03.2018 година, донесе:

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 7930 КО Струмица**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на плански опфат за бесправниот објект, станбњна куќа, кој се наоѓа на КП бр. 7930 КО

Струмица, во сопственост на лицето Ердинч Бејтулов.

Објектот на КП бр.7930 КО Струмица, според ГУП на град Струмица, се наоѓа вон градежниот опфат, на земјиште сопственост на Р.М.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица.

Бр.08-2118/1 Совет на општина Струмица
15.03.2018 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.......................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 1752/1, 1758/2, 1803/1 КО Дабиља

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 1752/1, 1758/2, 1803/1 КО Дабиља, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.03.2018 година.

Бр.09-2119/2 Општина Струмица
19.03.2018 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

.................................................

**50.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.03.2018 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 1752/1, 1758/2, 1803/1 КО Дабиља**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на плански опфат за бесправниот објект, помошен објект, кој се наоѓа на КП бр. 1752/1, 1758/2, 1803/1 КО Дабиља, во сопственост на лицето Томе Глигоров.

Објектот на КП бр.1752/1, 1758/2, 1803/1 КО Дабиља, според УП за с. Дабиља, се наоѓа вон градежниот опфат, на земјиште сопственост на лицето Република Македонија.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица.

Бр.08-2119/1 Совет на општина Струмица
15.03.2018 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

..........................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за доделување парична помош на Кенан Асанов од Струмица

Се објавува Одлуката за доделување парична помош на Кенан Асанов од Струмица, донесена на

седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.03.2018 година.

Бр.09-2120/2 Општина Струмица
19.03.2018 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

............................................

**51.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.03.2018 година, донесе:

**О д л у к а**
**за доделување парична помош на Кенан Асанов од Струмица**

Член 1

На Кенан Асанов од Струмица, му се доделува парична помош во нето износ од 100.000,оо денари, како помош за санирање на штета настаната од пожар во семејната куќа на ул. „Славчо Стојменски“ бр. 30, во Струмица.

Член 2

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2018 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

Член

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-2120/1 Совет на општина Струмица
15.03.2018 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.................................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за доделување парична помош на Трајко Николов од с.Турново

Се објавува Одлуката за доделување парична помош на Трајко Николов од с.Турново, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.03.2018 година.

Бр.09-2121/2 Општина Струмица
19.03.2018 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

..................................

**52.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.03.2018 година, донесе:

**О д л у к а**
**за доделување парична помош на Трајко Николов од с.Турново**

Член 1

На Трајко Николов од с.Турново, му се доделува парична помош во нето износ од 60.000,оо денари, како помош за лекување во странство.

Член 2

